Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31.12.2014 | | |
|---|---|---|
| Орг. единица | Број | |
| 10 | 6739 | 1 |

**И З В Е Ш Т А Ј**
**од контролниот надзор врз програмскиот сервис на**
**Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ,**
**емитуван на 24 декември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

- **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија).

*На 10.11.2014 година, за непочитување на член 92 став 15 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 21 октомври 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на Непрофитна радиодифузна установа Универзитетско радио УГД – ФМ.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење според одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот мониторинг на програмскиот сервис на Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, емитуван на 24 декември 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда од член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Датум на извршување на програмскиот надзор:***
***31.12.2014 година***